# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ФИСКАЛЕН СИСТЕМ“ (СКРИПТА) ОД ДОЦ. Д-Р МИЧО АПОСТОЛОВ И Д-Р ЗОРАН ТЕМЕЛКОВ, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“-Штип, како и Одлуката бр.2602-554/5 од 112. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 17.5.2014 година, избрани сме за рецензенти за изготвување извештај - рецензија на приложениот ракопис „***Фискален систем***“ од **доц. д-р Мичо Апостолов** и **асистент д-р Зоран Темелков**, наменет за студентите од прв циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

По прегледот на ракописот, до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Скриптата **„Фискален систем“** е наменета главно за студентите од Факултетот за туризам и бизнис логистика. Предметот се изучува во третиот семестар во втора година на насоките Бизнис логистика и Бизнис администрација и ја покрива наставната материја со оптовареност 2 (два) часа неделно т.е. 24 (дваесет и четири) часа по семестар.

Ракописот е напишан на А4 формат, нормален проред, фонт Ariel со македонска поддршка, големина на буквите 12 и има вкупно 155 страници. Предложениот обем и содржина ги задоволува критериумите според предвидениот број часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Ракописот е подготвен според пропишаната Наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите од насоката Бизнис логистика, кои се однесуваат на реализација на наставните часови во рамките на изборниот предмет Фискален систем.

Скриптата е напишана на оригинален начин, со јасен и разбирлив јазик. Обилува со детални осврти на најинтересните моменти од теоријата на фискалната политика и фискалниот систем. Притоа, авторите даваат сублимиран приказ на многубројни прашања од сферата на јавните финансии и функционирањето на фискалниот систем.

Ракописот методолошки е структуриран во 9 глави кои меѓусебе се надополнуваат, а во секоја од нив се разработени основните поставки, потребата и значењето на фискалниот систем. Секоја глава започнува со кратко информативно појаснување за точките кои ја обработуваат главната тема понудена како глава.

Скриптата „Фискален систем“ е составен од следните девет тематски целини: 1. Поим и функција на јавните финансии; 2. Фискална политика; 3. Фискален систем; 4. Даночни системи; 5. Фискален федерализам; 6. Фискални системи во развиени земји; 7. Фискална политика во насока на излегување од финансиската криза од 2008 година; 8. Предлог за Европска фискална унија; 9. Фискален систем и фискална политика на Република Македонија.

Во првата глава, насловена како Поим и функција на јавните финансии, е прикажан концептот на функционирање, како и важноста на јавните финансии. Притоа, акцент е ставен на функциите на јавните финансии и позитивните или негативните екстерналии кои се појавуваат во економијата. Истовремено, во ова поглавје се образложени концептот на јавни добра и нивната важност и потреба да бидат финансирани од државниот буџет. Исто така, во оваа глава е прикажан начинот на којшто јавните финансии би можеле да влијаат врз дистрибуцијата на приходите и богатството во економијата.

Втората глава е со наслов *Фискална политика*. Покрај основните поимни определувања, во оваа глава се појаснети основните функции на фискалната политика. Во ова поглавје, детално се објаснети инструментите кои ги има на располагање фискалната политика за остварување на своите цели. Притоа се дава осврт на ефектот што би го имале јавните расходи врз населението. Во продолжение се дефинира потребата и важноста за креирање на оптимална фискална политика, преку која би се постигнале целите на економската политика. Во рамките на дефинирање на оптимална фискална политика, исто така се претставени и предизвиците со кои би се соочиле креаторите при креирањето на политиката.

Во третата глава, насловена како *Фискален систем*, најнапред се дефинира поимот за фискален систем, при што следствено е прикажана важноста на системот за економијата. Потоа, детално се обработени аспектите на фискалниот систем: институционален, функционален и политички аспект. Истовремено, во ова поглавје е даден приказ и на разликата помеѓу даночен монизам и даночен плурализам. Понатаму, се дефинираат и елементите и карактеристиките на даночниот систем, преку различните видови на даноци (директни и индиректни), даночните олеснувања и иземања и видовите на даночните стапки. Се посочува и важноста на даночната инциденца со цел да се разбере на кој начин промена во некои од даночните елементи влијаат врз даночните обврзници. Видовите на даночна евазија се прикажани преку практични примери од најпознатите глобални скандали, каде што се јавува законската и незаконската евазија. Притоа се дава осврт и на двојното оданочување, како една од причините кои доведуваат до појава на даночна евазија.

Во четвртата глава се обработени основните карактеристики на различните видови на даночни системи кои ги предлага теоријата, како и карактеристиките на системите кои произлегуваат со комбинирање на основните видови на даночни системи. Истовремено, авторите даваат осврт на можноста за постоење на даночна неефикасност и начинот на справување и елиминирање на недостатоците на системите.

Имајќи го предвид значењето на фискалниот федерализам во насока на елиминирање на недостатоците кои постојат при централизирано управување со фискалната политика, авторите упатуваат внимание на оваа проблематика, така што во целост ја посветуваат петтата глава. Притоа, посебно место во ова поглавје заземаат основните прашања на фискалните односи и причините кои доведуваат до потребата за фискална децентрализација.

Шестата глава дава приказ на фискалните системи кои постојат во развиените земји. Притоа, предвид се земаат фискалните системи и нивното функционирање во САД, Канада, Германија и Норвешка. Претставени се начинот на којшто е воспоставен персоналниот данок на доход, данокот на добивка и данокот на имот во наведените земји. Се посветува внимание и на методите што ги употребуваат земјите во справување со појавата на даночната евазија. Во продолжение е направена споредба помеѓу земјите со цел да се увиди постоењето на разликите и сличностите во различните елементи на оданочувањето.

Во рамките на седмата глава посветена на улогата на фискалната политика во насока на излегување од финансиската криза во 2007/2008 година, посебно се истакнува делот кој ги обработува проблемите со кои се соочиле селектираните земји при појава на кризата. Посебно внимание, исто така, се посветува и на конкретните мерки кои биле употребени од страна на државите за справување и намалување на негативните последици од кризата.

Во осмата глава е прикажан предлогот за формирање на Европска фискална унија. Конкретниот предлог беше даден со цел справување со можни кризи кои би се појавиле во иднина, и намалување на негативните ефекти кои би произлегле од кризите. Предлогот наиде на остри критики од страна на различните земји од Европската унија, при што авторите даваат приказ на поважните критики.

Последната деветта глава е целосно посветена на функционирањето на фискалната политика и фискалниот систем во Република Македонија. Притоа се посветува внимание на развојот на фискалниот систем во Република Македонија. Посебен осврт е даден на фискалниот систем и различните видови на даноци кои постојат во даночниот систем на Република Македонија. Исто така, прикажана е потребата за фискална децентрализација и процесот на спроведување на Фискалната децентрализација во Република Македонија.

На крајот од ракописот, соодветно се нотирани сите библиографски единици кои се цитирани во текстот. Може да се констатира извонредна систематичност во презентирањето на содржините на ракописот. Авторите покажуваат големи стручни и научни познавања на третираната проблематика. Начинот на презентирање на овие сложени прашања од областа на фискалниот сиситем е многу пристапен со примена на примери од непосредната практика, што овозможува стекнување јасна слика за подготовка на наставниот час по предметот Фискален систем.

Сметаме дека материјалот, како електронска скрипта, претставува извонредна основа за подготовка на студентите во делот на теоретските барања, но едновремено и практичните потреби по предметот Фискален систем за студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Концизното и експлицитно презентирање на проблематика од областа на фискалниот систем дава голема можност за користење на овој материјал пошироко.

## З А К Л У Ч О К

Оваа скрипта претставува успешен обид на авторите да претстават научен материјал со висок квалитет, во кој се даваат можности за стекнување пошироки знаења од областа на фискалниот систем.

Врз основа на изложеното може да се заклучи дека предложениот ракопис за скрипта насловен како „Фискален систем“ е во согласност со Студиската програма и Наставниот план на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Скриптата од педагошки и научен аспект го поседува потребното ниво соодветно за студентите на прв циклус студии. Според наши сознанија, скриптата по обемот и содржината на оригинален начин разработува примери, прашања и нуди решенија, и одговара на предвидената Наставна програма по предметот Фискален систем на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Оттука, на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип **со задоволство му предлагаме скриптата „Фискален систем“ од авторите доц. д-р Мичо Апостолов и д-р Зоран Темелков да ја прифати како рецензирана скрипта.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Круме Николовски**
**Економски факултет - Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, с.р.**
**Д-р Крсте Шајноски**
**Економски факултет - Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, с.р.**